**2263.**

Врз основа на член 112-д став 7, член 150 став 2 и член 150 б од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014 и 15/2015) и член 3 став 4 од Правилникот за начинот и условите за обука и полагање на посебен стручен испит за инвестиционо советување („Службен весник на РМ“ бр. 91/2014 и 128/2014), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на својата седница одржана на 3.4.2015 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Лицето Александар Димитриевски ги исполнува условите за полагање на стручен испит за инвестиционо советување со пријавување на 3-тата обука за инвестиционо советување во организација на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.
2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 09-336/2
3 април 2015 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

**2264.**

Врз основа на член 112-д став 7, член 150 став 2 и член 150 б од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014 и 15/2015) и член 3 став 4 од Правилникот за начинот и условите за обука и полагање на посебен стручен испит за инвестиционо советување („Службен весник на РМ“ бр. 91/2014 и 128/2014), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на својата седница одржана на 3.4.2015 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Лицето Елена Рогановиќ Манчева ги исполнува условите за полагање на стручен испит за инвестиционо советување со пријавување на 3-тата обука за инвестиционо советување во организација на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.
2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 09-337/2
3 април 2015 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

**2265.**

Врз основа на член 112-д став 7, член 150 став 2 и член 150 б од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 07/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014 и 15/2015) и член 3 став 4 од Правилникот за начинот и условите за обука и полагање на посебен стручен испит за инвестиционо советување („Службен весник на РМ“ бр. 91/2014 и 128/2014), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на својата седница одржана на 3.4.2015 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Лицето Агон Ајрула ги исполнува условите за полагање на стручен испит за инвестиционо советување со пријавување на 3-тата обука за инвестиционо советување во организација на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.
2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 09-338/3
3 април 2015 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

**2266.**

Врз основа на член 112-д став 7, член 150 став 2 и член 150 б од Законот за хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008, 57/2010, 135/2011, 13/2013, 188/2013, 43/2014 и 15/2015) и член 3 став 4 од Правилникот за начинот и условите за обука и полагање на посебен стручен испит за инвестиционо советување („Службен весник на РМ“ бр. 91/2014 и 128/2014), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на својата седница одржана на 3.4.2015 година донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Лицето Катерина Митрова ги исполнува условите за полагање на стручен испит за инвестиционо советување со пријавување на 3-тата обука за инвестиционо советување во организација на Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.
2. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.
3. Ова Решение ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 09-338/4
3 април 2015 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р.

**2267.**

Врз основа на член 14 став 5 и член 190 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија” број 95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14 и 15/2015), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 15.4.2015 година донесе

**П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПРОСПЕКТОТ И ПОКАНАТА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ И УПЛАТА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на проспектот и поканата за запишување и уплата на хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр.28/2008, бр.

147/2010 и бр.171/2013) во член 7 став (9) по зборовите „во PDF формат“ точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „освен доколку се доставуваат во електронска форма согласно член 7-а од овој Правилник“.

Член 2

По член 7 се додава нов член 7-а, кој гласи:

„Член 7-а

Проспектот и поканата за запишување и уплата на хартии од вредност може до Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија да се поднесат во електронска форма потпишани со квалификуван дигитален сертификат.

Доколку проспектот и поканата за запишување и уплата на хартии од вредност се поднесуваат во електронска форма, потребно е да бидат потпишани со квалификуван дигитален сертификат од секој од членовите на управниот и надзорниот одбор односно одборот на директори односно одговорните лица соодветно на видот на издавач.“

Член 2

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за формата и содржината на проспектот и поканата за запишување и уплата на хартии од вредност.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 03-352/2 | Комисија за хартии од вредност |
| 15 април 2015 година | на Република Македонија |
| Скопје | Претседател, |
| | м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р. |

**2268.**

Врз основа на член 14 став 1 точка ж) и член 190 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија” број 95/05, 25/07, 7/08, 57/10, 135/11, 13/13, 188/13, 43/14 и 15/15), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија на седницата одржана на ден 15.4.2015 година донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ДОКУМЕНТИТЕ ШТО ГИ ДОСТАВУВА ИЗДАВАЧОТ НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ПРИ ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕТО ЗА ОДОБРЕНИЕ НА ЈАВНА ПОНУДА НА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ**

Член 1

Во Правилникот за документите што ги доставува издавачот на хартии од вредност при поднесување на барањето за одобрение на јавна понуда на хартии од вредност („Службен весник на РМ“ бр. 28/2008 и бр. 171/2013) (во понатамошниот текст: Правилник) во член 3 по ставот (4) се додава нов став (5) кој гласи:

„(5) Барањето за одобрение и документите од став (1), став (2) и став (3) од овој член, издавачот може да ги достави до Комисијата и во електронска форма потпишани со квалификуван дигитален сертификат.“

Ставот (5) станува став (6).

Член 2

Комисијата утврдува пречистен текст на Правилникот за документите што ги доставува издавачот на хартии од вредност при поднесување на барањето за одобрение на јавна понуда на хартии од вредност.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 03-353/2 | Комисија за хартии од вредност |
| 15 април 2015 година | на Република Македонија |
| Скопје | Претседател, |
| | м-р **Елизабета Чингаровска,** с.р. |

## АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

**2269.**

Врз основа на член 222, став (2) од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ број 55/13, 41/14 и 115/14), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА РЕГИСТАРОТ НА ЦЕНИ И ЗАКУПНИНИ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИЗЈАВАТА ДАДЕНА ОД ПРОДАВАЧОТ/ЗАКУПОДАВЕЦОТ ЗАВЕРЕНА КАЈ НОТАР**

Член 1

Во Правилникот за начинот на водење, формата и содржината на Регистарот на цени и закупнини и формата и содржината на изјавата дадена од продавачот/закуподавецот заверена кај нотар („Службен весник на Република Македонија“ број 40/2015), Листот РЦ 1 како дел од Прилогот број 1 се заменува со нов лист.

Член 2

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 01-3694/4 | Управен одбор |
| 17 април 2015 година | Претседател, |
| Скопје | **Анета Јорданова,** с.р. |